# ЗАКОН ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

**- извадок -**
("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 92/2007,
102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013,
154/2015, 192/2015 и 23/2016)

Со Законот за даноците на имот се уредува начинот на оданочувањето на недвижен имот, дадени се дефинициите, кој е даночен обврзник, даночните ослободувања и останати одредби од значење за овој данок.

Во текстот што следува, цитирани се само одредбите кои најдиректно се однесуваат на данокот на имот на заштитните друштва.

Член 2

"Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Недвижен имот** се земјишта (земјоделски, градежни, шумски и пасишта) и зградите-станбени згради или станови, деловни згради и деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и рекреација и други градежни објекти, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив.

.......... ".

**Даночен обврзник**

Член 4

"(1) Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице сопственик на имотот.

..........."

Член 8

**"Данок на имот не се плаќа на:**

**1)**

**.........**

**7) објектите на претпријатијата за работно оспособување, професионална рехабилитација и вработување на инвалиди; "**

Член 29

"(1) Обврзникот на данокот на имот е должен да поднесе даночна пријава до 31 јануари во годината за која се врши утврдување на данокот.

...........

(4) Пријава од ставот (1) на овој член се поднесува до општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје каде што се наоѓа имотот."

**Постапка за остварување на ова даночно ослободување:**

Заштитното друштво за да го оствари даночното ослободување од член 8 став 1 точка 7) од Законот за даноците на имот, до општинската администрација каде што се наоѓа имотот треба да поднесе барање за ослободување од плаќање на данок на имот.

Заштитното друштво чиј имот се наоѓа на територијата на градот Скопје, барањето за ослободување од плаќање на данок на имот треба да го поднесе до администрацијата на општината во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје.

Во прилог на барањето за ослободување од плаќање на данок на имот треба да се достави Потврда издадена од Заедницата на заштитни друштва за број и структура на вработени во заштитно друштво и ослободување од персонален данок од доход и придонеси од плата. Потврдата не треба да биде постара од 6 (шест) месеци, сметано од денот на издавањето на потврдата.

Од Заедницата